Врз основа на членовите 385, 387, 388 и 393 од Законот за трговски друштва како и член 38 од Статутот на Современ дом АД Прилеп, а согласно Одлуката за свикување на презакажано акционерско собрание на друштвото од 22.10.2019 година, Одборот на директори на Современ дом АД Прилеп објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за учество на акционерите на Современ дом АД Прилеп
## на акционерско собрание (ПРЕЗАКАЖАНО СОБРАНИЕ)

Седницата на презакажаното собрание на Современ дом АД Прилеп ќе се одржи на ден 28.10.2019 година (понеделник) со почеток во 09:00 часот во седиштето на Подружница Газела на ул. 852 бр. 62 Скопје.
За работата на седницата на собранието се предлага следниот :

## ДНЕВЕН РЕД

### Процедурален дел:

1. Избор на Претседавач
3. Избор на верификациона комисија
4. Верификација на учесниците на собранието

### Работен дел:

1. **Донесување Одлука за избор на член на Одбор на директори**

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на собранието.
Акционерите се должни своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.
Пријавите да се достават до архива на Современ дом АД Прилеп п.фах 100 или по електронски пат на mail@sovremen-dom.mk.
Секој акционер може да овласти полномошник за учество на собранието со писмено полномошно за што е должен да го извести друштвото по писмен или електронски пат.
Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на друштвото и ЗТД.
Материјалите за собранието на друштвото како и дополнителни информации согласно ЗТД им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик секој работен ден од 12 до 13 часот во просториите на друштвото во Прилеп на ул. Александар Македонски 1Г/13 и на www.sovremen-dom.mk

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**Претседател**
**Димитар Цеков**